# Човечките ресурси како бизнис партнер!!!

**Четвртата Меѓународна конференција за човечки ресурси ќе се одржи во организација на Македонската асоцијација за човечки ресурси на 23.11.2012 година во М6 Едукативен центар со почеток во 10.00 часот**

**www.mhra.mk**



**ХРИСТИНА ЛОЗАНОСКА**
претседател на МАЧР, HR специјалист, Кабинет на гувернерот, Народна банка на Република Македонија

Со темата на овогодишната конференција „Човечките ресурси како бизнис партнер“, преку презентации на актуелни теми во управувањето со човечките ресурси ќе се обидеме да одговориме на прашањето на кој начин човечките ресурси се партнер во бизнисот, со што се проширува целната група учесници.
Партнерството меѓу генералниот менаџмент и менаџментот со човечките ресурси е еднакво битно и за менаџментот од средно ниво, линискиот менаџмент, односно сите кои ги користат услугите на менаџментот со човечките ресурси.
За развој на секоја област и професија неопходно е партнерството кое треба да се гради меѓу приватниот и јавниот сектор заради обезбедување општоприфатени стандарди за работа, кои ќе придонесат за поквалитетна и поефикасна соработка, а за постигнување на истото од големо значење е можноста за размена на искуства и дефинирање на потребите од општ интерес. Во поддршка на оваа констатација, министерот за труд и социјална политика, г. Спиро Ристовски, ќе има свое излагање на конференцијата.
Со интернационалниот карактер и присуството на претседателот на Европската асоцијација за управување со луѓето, г. Филипо Абрамо и претседателот на Светската федерација на асоцијации за управување со луѓето, г. Питер Хајн, овој настан добива поголемо значење. Со интеграцијата на МАЧР, како репрезентативна асоцијација од нашата земја, во меѓународните асоцијации од овој вид овозможено е вмрежување и размена на искуства со HR професионалци во регионални, европски и во светски рамки, како и учество во проектот на ЕАПМ за стандардизација и сертификација во менаџментот со човечките ресурси за Југоисточна Европа.



**ДИМИТАР ОСМАНЛИ**
член на управен одбор на МАЧР, главен извршен директор во М6 Едукативен центар

Главниот извршен директор (CEO) на Цементарница Усје а.д. Скопје, г. Борис Хрисафов, ќе го пренесе своето практично знаење и искуството од успешната имплементација на HR системи во Усје преку темата „Стратегиската улога на HRM во цементарница Усје“.
На оваа конференција, г. Хрисафов ќе ја сподели со нас важноста од длабинското познавање на внатрешните процеси на една компанија како основа за успешно стратешко управување со HR.



**ТАТЈАНА ЈОВАНОВСКА**
член на Управен одбор на МАЧР, специјалист за регрутација и селекција на кадри во Сеавус, Скопје

Компаниите/бизнис-заедницата најчесто ја промовираат идејата дека вработените се нивната најголема конкурентска предност, но реалноста покажува дека најголем дел од нив не се подготвени за предизвикот да ги најдат, да ги мотивираат и да ги задржат клучните и талентирани вработени. Управувањето со талентите во бизнис-секторот воедно претставува и еден од најголемите предизвици на современиот свет, кога конкуренцијата на глобалниот пазар е преголема, вложувањето само во поединци нелогично, а развојот на компанијата оди во чекор со развојот на вработените. Свое видување и искуство ќе пренесе г-ѓа Оливера Геговска, HR менаџер во Сеавус (SEAVUS), преку презентација на тема „Управувањето со таленти - тенденција на 21 век“.



**д-р ЉУПЧО ЕФТИМОВ**
член на Управниот одбор на МАЧР и доцент на Економски факултет

Сè поприсутни се компаниите кај кои во голема мера е развиен пристапот на создавање вредност и одржлив развој, а притоа стратешки интегрирајќи го управувањето со човечките ресурси во деловни одлуки. Улогата на HR менаџерот, меѓу другото, е и да дава предлози, стратешки пристапи и размислувања за водење на бизнисот, а притоа разумно да се искористат расположливите ресурси. За поврзаноста на HR со одржливиот развој на бизнисот преку свое искуство свое видување и знаење од практичен аспект ќе пренесе г-ѓа Горана Сандрич, HOLCIM Cement, Хрватска. Во своето излагање ќе се обиде да ја докаже потребата за општествено одговорно работење на компаниите, потенцијалот што го имаат човечките ресурси во изградбата на општествено одговорни компании, како и да одговори на дилемата дали општественото одговорно работење на компаниите во услови на економска криза е луксуз или реална потреба. Овој истакнат HR експерт ќе го сподели своето видување и искуство за тоа како треба HR департманите да ја докажат својата стратегиска улога во компаниите.



**ДАРКО ПЕТРОВСКИ**
претседател на Надзорен одбор на МАЧР, раководител на човечки ресурси во ЕВН, Македонија

Една од главните определби на Македонската асоцијација за човечки ресурси е споделување знаење и унапредување на професијата менаџмент со човечки ресурси. Организацијата на настани како Меѓународната конференција за човечки ресурси, која преминува и во традиција, е уште еден начин за реализација и остварување на целите на асоцијацијата.
Покрај еминентните гости-спикери и актуелните теми, во агендата на конференцијата е планирано и време за панел-дискусија која ќе ја води д-р Љупчо Ефтимов од Економскиот факултет при Универзитетот Свети Кирил и Методиј во Скопје. На панел-дискусијата ќе учествуваат и истакнати претставници и професионалци од академската и од бизнис-средината. Таа е замислена како идеална можност за интерактивна комуникација и размена на искуства и мислења меѓу учесниците и панелистите.
Напоредно се случува уште еден настан кој им дава можност на компаниите да ги претставаат своите услуги, а се од областа на менаџментот со човечки ресурси, како агенции за посредување при вработување, образовни институции и друго на веќе познатото HR EXPO.

**Потврдете го Вашето присуство најдоцна до 15 ноември 2012 година на conference@mhra.mk**